# МИСИОНСКИ СТИХОВИ

Евангелски активности
на верниците




ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2024

*Сабота, 6 април 2024*

## Дали може да сметаат на тебе?

Еден генерал требало да тргне во многу опасна битка. Резултатот од целата војна зависел од резултатот на оваа битка. Додека планирал, еден друг офицер од повисок чин го запрашал: „Кој полк ќе го поведете во оваа најважна битка?"

Генералот погледнал кого има на располагање. Првата група го предизвикала следниот коментар: „Не сум сигурен во овие луѓе. Никогаш не докажаа дека можеме да се потпреме на нив". Дошол до втората група луѓе и забележал, „Ги видов овие луѓе во акција. Понекогаш се премногу посветени во извршувањето на работата, но во други случаи пропуштија да го направат тоа. Не се доследни. Никогаш не знам што ќе направат кога ќе започне битката".

Генералот конечно дошол до групата искусни луѓе, силни во борбата, со оган во очите и решителен чекор.

Со сигурност рекол, „Овие луѓе ќе ги земам со себе. Ги видов во акција во најжестоките борби. Тие се верни на задачата. Секогаш се храбри. Знам дека можам да сметам на нив, дека ќе ја извршат работата, без оглед на ситуацијата. Секогаш можам да се потпрам на нив, дека ќе ја завршат задачата што ја поставувам пред нив".

Како е со нас? Кога нашиот Небесен Татко има задача која треба да се заврши, дали тој може да се потпре на нас? Во која група се наоѓаме ние? Во групата христијани кои никогаш не ја докажале својата верност кон Таткото; во групата христијани на кои некогаш можеш да се потпреш, а некогаш не; или се наоѓаме во групата христијани на кои Господ секогаш може да се потпре дека задачата ќе биде извршена, без оглед на сè? Дали може Господ да се потпре на вас?

*Сабота, 13 април 2024*

## Проповедај ја Речта и воздигни го Христа

Проповедањето секогаш било дел од Божјиот план за пренесување на вистината. Ние мораме Неговата Реч да ја направиме централен дел на богослужението. Благодарноста, признанијата, изјавите, песните – сето тоа се соодветни облици на славење, но црквата, која се потпира само на програми или само на музика е како црква изградена на песок. Проповедта е темелна компонента на пасторската служба.

Денес адвентистите на седмиот ден се познати по тоа што основаат сиропиталишта, болници и универзитети. Но во минатото, нашата препознатлива карактеристика беше проповедањето. Денес, како никогаш порано, ние мораме да се вратиме на нашите темели. Ние мораме повторно да се посветиме на чистото, библиски засновано проповедање.

Како адвентисти на седмиот ден, ние мораме да го препознаеме својот идентитет како црква на остатокот. Бог ни ја дал пророчката порака за ова посебно и последно време. Ајде денес да ја изнесуваме Неговата порака во Неговата црква. Ние сме народ на надежта. Вистинското разбирање на Откровение 14,6.7 нè води до црква која е исполнета со Духот и пулсира со чувството за мисионство - да ја дели Божјата Реч, евангелието. Исусовото враќање е возбудлива вест. Ние треба да им помогнеме на луѓето да се подготват. Додека проповедаме за Неговото враќање, ние исто така им ја објавуваме веста која е наменета да им помогне на луѓето да живеат како победници до Неговото враќање.

Проповедта не може да поттикне љубов кон Христа ако Тој не се спомнува во неа. Иако ги бодриме луѓето во поглед на некои практични работи, ние не сме одржале проповед доколку не сме зборувале за Исусовата убавина. Без него, ние сме одржале само час по етика.

За важноста на потребата, за Исус секогаш да го изнесуваме пред црквата, Елена Вајт рекла: „Распнатиот Исус, воскреснатиот Христос, Христос вознесен на Небото, Христос кој доаѓа повтор-

но, би требало да ги омекне и исполни мислите на проповедникот за тој да може да им ги изнесе овие вистини на луѓето кои се желни и полни со сесрдност. Проповедникот тогаш ќе се изгуби од вид, а ќе се појави Христос. Воздигни го Христа, ти, кој го учиш народот, воздигни го во проповедите, во песната, во молитвата“.

Покрај сè, проповедта мора да ги вдахне луѓето со љубов кон Христа. Ако не сте го направиле тоа, вашето проповедање било напразно. Направете еден тест: ставете ги своите добри намери на проверка за да утврдите дали искрено сте се потрудиле луѓето во вашата заедница да се вдахнат со љубов кон Христа. Прашајте ги по ред членовите на црквата што примиле од проповедта. Ако одговорот не потврдува поголема љубов кон Христа, тогаш не сте успеале доволно. „Но што тогаш? Само тоа: дека на секој начин, било дволично или искрено, Христос се проповеда. И му се радувам на тоа, а и ќе се радувам“ (Филипјаните 1,18).

*Сабота, 20 април 2024*

## Доблестите на духовниот водач

Вистинската сила во службата потекнува од духовноста, која, за возврат, доаѓа од личната средба со Бога.

***Раководењето со црквата е повик на духовност***. Духовноста би требало да биде предуслов за да биде некој црковен водач. На неа би требало да се гледа како привилегија, а не како обесхрабрувачка одговорност. На прво место мора да биде вашиот однос кон Бога, вашето заедништво со Бога. Духовноста мора да се развива во блиска заедница со Бога, пред да извршите какво било јавно влијание. Библијата нè учи дека Бог ги бара оние кои доброволно ќе му се предадат Нему – луѓе според Божјото срце, кои ќе можат да ги водат другите „И ќе ви дадам пастири според Своето срце, кои ќе ве пасат разумно и мудро“ (Еремија 3,15). Овие духовни водачи мораат да го дополнат своето знаење и така да бидат морално и духовно погодни. И покрај тоа што нашиот духовен раст мора да биде приоритет, тешката професионална служба може да

го земе својот данок. Многу е лесно да се дели вистината без вистинска акција да ја направиме да биде веродостојна. Брент Филсон рекол: „Можете да ги зголемите своите лидерски способности, а со тоа и својата кариера со разбирањето на една, но толку битна работа која повеќето водачи ја пропуштаат: одличното раководење ја вклучува духовната димензија" (The Arenas Of Success).

Духовниот водач го чува Божјото стадо таму каде што Бог сака. Тоа подразбира да се преземе иницијатива, да се спроведуваат Неговите методи, и да се потпираме на Неговата моќ. Целта на духовното водство е луѓето да го запознаат Бога и да го прославуваат во сè што работи. Духовните водачи не треба само да насочуваат, туку и да преобразуваат. Можете да ги натерате луѓето да го прават она што вие го сакате, но ако нивното срце не е променето, тогаш не сте ги воделе духовно. Не сте ги одвеле таму каде што Бог сака да бидат.

***Духовниот водач е човек на молитвата***. Времето кое го поминуваме во молитва е многу важно за автентичноста на секојдневниот живот. Молитвата е повеќе од обична рутина. Ако се молиме само кога ги посетуваме верниците, или во сабота, или пред оброк, тогаш сме осудени на пропаст. Никогаш нема да бидеме исполнети со Светиот Дух. Ние мораме да ја сфаќаме и да ја изразуваме својата потполна зависност од Бога. Без Него не можеме ништо да направиме.

Има и такви членови на црквата кои се физички, емоционално и духовно болни. Бог честопати става товар врз нашето срце за да се молиме за некого, иако можеби и не го знаеме конкретниот проблем што таа личност го доживува. На црквата во Коринт Павле ѝ рекол: „Зашто, ако имавте и десет илјади воспитувачи во Христа; сепак немате многу татковци, зашто јас ве родив во Христа Исуса преку Евангелието" (1. Коринќаните 4,15). Истото се случува и денес. Има многу кои зборуваат за Исуса Христа, но има многу малку од оние кои го сакаат своето стадо онака како што овчарот треба да го сака.

***Духовниот водач мора да биде личност на „жива побожност"***. За да можеме да ја исполниме светата и значајна задача што Бог ни ја доверил и која е од голем интерес, мораме да бидеме луѓе на жи-

ва побожност, инаку Бог нема да нè прифати. Мора да бидеме луѓе кои нема да имаат високо мислење за себеси или за своите можности, туку луѓе кои го изгубиле чувството за сопствената важност, благодарение на возвишеното сфаќање на неспоредливата милост и љубов на Исуса Христа. Дури тогаш чекориме блиску до Бога.

***Духовниот водач мора да води со љубов***. Нема место за нељубезност или сила во црковното раководење. Духовните водачи не треба да дејствуваат вообразено или да владеат со црквата како тирани. Не треба да се однесуваат арогантно, ниту автократски. Но сепак треба да бидат водачи.

*Сабота, 27 април 2024*

## Практикување на духовното раководење

***Духовноста и раководењето се забележуваат во текот на конфликтите***. На црквата, за жал, не ѝ се непознати несогласувањата. Кога заедницата се расправа околу доктрината, стилот на службата, или за службениците, време е пасторите и старешините да покажат духовност во водењето на црквата така што ќе го застапуваат помирувањето и мирот, а не јавно да упатуваат негативни коментари.

***Духовните водачи мораат да бидат достојни за доверба***. Луѓето имаат потреба да ги изнесат своите проблеми и грижи, без страв дека изнесените приватни информации ќе станат јавни. Без доверба и чесност, невозможно е да се оствари добра служба.

***Духовното водство го открива интегритетот***. Од црковните водачи се бара да водат. Затоа нивниот живот мора да биде без приговор, за нивниот совет да може сериозно да се сфати. Тоа не значи дека црковните водачи се совршени личности, туку тие се обидуваат нелицемерно да го практикуваат она што го зборуваат и застапуваат.

***Духовните водачи треба да покажуваат милост кон другите, но без осудување***. Кога човек ќе направи некоја грешка, нему му е

потребна утеха и помош, а не осуда. Тогаш духовниот водач треба да го препознае проблемот и да помогне во неговото решавање.

***Духовното раководење бара карактерна личност.*** Карактерот е многу важен во секаков вид водство, а особено во духовното водство. Ако ја изгубите репутацијата, сте го изгубиле водството. Нашето однесување е и наша порака. Кога апостолот Павле зборува за духовните квалификации, тој зборува за карактерот. Ако бидете духовен водач, тогаш морате да бидете карактерна личност.

*Сабота, 4 мај 2024*

**Вештини на духовните водачи**

Најдобрите водачи го практикуваат она што го проповедаат во сѐ што прават. Можностите за практикување на доброто раководење се бескрајни. Никогаш не е доцна да почнете да ја развивате оваа вештина.

***Бидете оптимисти***. Духовните водачи се оптимисти, бидејќи знаат дека Бог држи сѐ под контрола. Водачите не дозволуваат да се обесхрабрат поради некои околности. Кога ќе го видат несовршенството во црквата, за нив тоа претставува можност да се трудат да создадат подобра заедница.

***Бидете тактични***. Павле во Колошаните 4,5-6 рекол: „Постапувајте мудро кон оние, надворешните, ползувајќи го времето. Вашето слово секогаш да е љубезно, зачинето со сол, за да знаете како треба да му одговорите секому“. Во Мудри изреки Соломонови пишува: „Зборови кажани во право време, се златни јаболки во сребрени садови“ (25,11). Запомнете дека водачите имаат за цел да го променат срцето, а не само да ја завршат работата.

Тактичниот водач знае да направи разлика меѓу изразот *Твојата нога е преголема за оваа обувка* и *Оваа обувка е мала за твојата нога*. Тактичниот водач одразува благост која ја освојува довербата на луѓето.

***Биди тренер***. Способните водачи мораат да бидат и тренери. Тренингот, систематското вежбање, е нешто суштинско во секоја

организација, па дури и во Божјата црква. Многу проповедници минуваат многу време подготвувајќи ја проповедта, а многу малку време во обучување на црковните членови. Елена Вајт предлага пасторите да поминуваат повеќе време во обука на луѓето, отколку во проповедање (Review and Herald, 1902). Таа исто така пишува: „Најголемата помош, која може да им се даде на нашите луѓе, е да ги научиме како да ја извршуваат Божјата работа, и како да се потпрат на Него, а не на проповедниците“ (Review and Herald, 1902). Кога нема обучување внатре во црквата, таа вака ќе изгледа:

- Недостаток од црковни работници
- Недостаток на продуктивност
- Стагнација во поглед на персоналот
- Недоволен број на одделенија
- Намалување на бројот на волонтери.

Не смееме да заборавиме дека изборите не подразбираат квалификации. Тренинг и обуката им се неопходни на сите. Потребно ни е повеќе такви програми внатре во црквата. Во едно истражување за раководење во црквата, е откриено дека десет членови кои волонтираат во службата, ако се добро обучени и посветени на работата за црквата, вредат колку и еден проповедник со полно работно време. Со други зборови, сто добро истренирани верници е исто што и десет пастори кои заедно работат. За жал, ние не инвестираме доволно во обучувањето на идните водачи. И, како резултат на тоа, слушаме: „Ако тој старешина умре, нема да имаме никој кој би можел да го замени“ или „Ако тоа семејство се пресели во друг град, ќе треба да ја затвориме вратата на нашата црква“. Овој недостаток на тренинг е тажна реалност која треба да се поправи.

***Биди визионер***. Сонувањето на подобра иднина е одговор на несоница. Не смееме да бидеме задоволни со сегашноста. Не смееме да дозволиме ни самите ние, ниту пак црквата да стагнира. Секогаш треба да тежнееме кон подобрување, без оглед на тоа колку поразително ни изгледа моменталната ситуација. Во 2. Царевите 6,15-17 се зборува за Елисеј и неговиот слуга. Биле заробени во градот Дотан, опколени со Асирци. Сè изгледало безнадежно. Додека неговиот слуга очајувал, Елисеј се помолил: „Господе, отвори му ги очите“. Кога Бог му ги отворил очите, видел бројни огнени коњи и кочии како стојат на нивната страна. Духовниот водач мо-

же да види како Божјата моќ ги отстранува проблемите на иднината. Тие ја гледаат суверената моќ на Бог кој триумфира при навидум силното спротивставување.

Во книгата на пророкот Јоил 2,28 пишува дека и старците ќе сонуваат соништа. Колку е тажно да се гледаат толку стари луѓе кои претпоставуваат дека единствено можат да седат, а креативноста да им ја препуштат на младите. Тажно е што наместо да бидат сè покреативни како постари, човекот станува сè повознемирен. Секоја нова црква, нова служба, секоја институција, секој напор е резултат на визијата и искористената прилика.

***Сакај ги луѓето***. Духовните водачи го сакаат својот народ. Со своите зборови и ставови, тие ја изразуваат радоста затоа што можат да им служат на другите. Како да учиме да сакаме? Почнете од својот дом. Во Ефесјаните 5,25 Павле вели: „Мажи, љубете ги своите жени, како што и Христос ја возљуби Црквата и се предаде сам себеси за неа.“ Толку едноставно упатство, но сепак често се занемарува. Постои опасност да го жртвувате своето семејство поради службата. Каква корист имате од тоа што црквата ви расте, а бракот ви пропаѓа?

Нам ни се потребни водачи кои знаат да ја искажат и изразат својата љубов. Исклучете го телевизорот, мобилниот телефон. Разговарајте со својата сопруга. Имајте заедничко богослужение. Молете се заедно. Немојте да ја критикувате; наместо тоа, упатете ѝ комплимент. Гледајте ја в очи кога зборувате. Прашајте се дали со вашите постапки ја правите среќна или не? Ако има нешто што ја попречува вашата среќа, веднаш справете се со тоа како што би се справил Христос. Гледајте на неа онака како што Христос гледа на црквата - со таква љубов што бил готов да умре за неа! Гушнете ја. Заедно мијте ги садовите, заедно чистете. Напишете ѝ некоја духовна порака што ќе ја охрабри. Купете ѝ цвеќе. Издвојте време во текот на денот и поминете го насамо со неа. Покажете ѝ дека ја сакате неа како личност!

Во спротивно, сиот ваш успех во својство на водач нема да значи ништо, бидејќи вие сте неуспешни дома. Тоа ќе ви ги одзема силите, ќе ве соборува пред предизвиците.

Но ако вистински ја сакате својата жена, тоа ќе ви помогне повеќе да ја сакате и својата црква.

*Сабота, 11 мај 2024*

## Суша

**„Живиот ми Господ, Израелевиот Бог, Кому Му служам, во овие години ќе нема ни роса ни дожд, освен по моја заповед“ (1. Царевите 17,1).**

Сушата која некогаш погодила дел од Соединетите Држави, предизвикала недостаток на вода и кај фармерот за кој се сметало дека има најсигурен бунар во околината. Мајсторот кој го одржувал неговиот мал водоводен систем заклучил дека пумпата не е расипана и дека цевките се цели. Можеби може да се обиде да ископа друг, подлабок бунар во непосредна близина?

Но фармерот немал пари за толку скап потфат. Како убеден христијанин, решил тој и неговото семејство да се молат за решение на проблемот. Едно утро ги собрал членовите на своето семејство околу бунарот. Децата застанале во круг; па дури и кучето ја наведнало својата глава над шепите. Напнатоста кулминирала кога фармерот ја завршил молитвата и се упатил кон чешмата. Наместо воодушевување, настанало длабоко разочарување, бидејќи единствениот звук што го слушнале било струењето низ празните цевки.

Подоцна тој ден, некој нивен пријател свратил на фармата и дознал за проблемот. Се понудил и тој да го погледне резервоарот и цевките; можеби ќе може да помогне нешто. Фармерот заедно со него отишол во подрумот. Пријателот наслушнувал и рекол:

„Јас слушам вода. Сигурно некој вентил е погрешно отворен“.

„Не, сигурно не е“, – одговорил фармерот. „Проверивме сѐ!“

„Ти велам, се слуша водата!“ – не се предавал пријателот. „Дојди поблиску за да слушнеш“.

Кога фармерот се смирил, и до него допрел звукот од шумот на водата. Заедно го следеле звукот, сѐ додека не дошле до решението. И навистина, еден вентил бил погрешно одвртен и водата од пумпата не влегувала во водоводниот систем, туку одела директно во септичката јама. Кога правилно го поставиле вентилот, водата потекла во изобилство.

Воведниот стих вели дека стариот Израил имал проблеми со водата. Луѓето ја прекинале врската со вистинскиот Бог и се свртеле

кон богот Вал, сметајќи го него за Дарител на животот и извор на сите благослови. Бог затоа го испратил Илија со порака дека нема да им дава дожд сè додека повторно не се вратат кај Него. Бог имал доволно дожд во облаците за да ги задоволи сите нивни потреби, но луѓето го свртеле вентилот и ја спречиле водата да тече кон нив.

И денес владее суша во светот во којшто живееме. Но Божјите резерви на благословите ниту се намалиле ниту, пак, пресушиле. Ако сакаш да ги почувствуваш во својот живот, провери ги вентилите на своите ставови и сврти ги така за да може живата вода да потече кон тебе.

*Сабота, 18 мај 2024*

## Молитвата како одбрана од незадоволството

За жал, молитвата е отсутна од срцето, од мислите и од проучувањето на многумина кои тврдат дека му служат на Господа. Тие мислат дека молитвата не е толку значајна и дека не заслужува место во нивната служба, или едноставно тие немаат време за молитва од своите многубројни одговорности. Ние мораме да ја ставиме молитвата на прво место. Тоа е нашата одбрана против незадоволството.

Во книгата *Мојот дом ќе се вика дом на молитвата*, Стив Лупстра зборува за своето искуство по дипломирањето на теолошкиот факултет. Тој сакал да ја проучува и да ја проповеда Божјата Реч. Но, откако ја започнал својата служба, открил дека луѓето очекуваат нешто повеќе. Тие очекувале планови, програми, резултати. Тој тие очекувања ги забележал не само кај луѓето што одат во црква, туку и кај своите претпоставени. Почнал да истражува за начините со кои може да се унапреди растот на црквата, објавувањето на евангелието и ученииштвото. Неговите претпоставени барале резултати, а увидел дека и другите проповедници го правеле истото. И тој тоа го прифатил како животен стил на проповедникот.

Меѓутоа, во срцето чувствувал вознемиреност. Се уморил од бескрајните програми. Открил дека незадоволството што го чувс-

твувал е производ на неговата сѐ поголема оддалеченост од Бога. Почнал да сфаќа дека неговиот молитвен живот се продлабочува кога на молитвата гледа како дел од заедницата со Бога кого активно го барал. Искуството на Лопстар е само одраз на искуството на многу други.

Елена Вајт вели: „Ниту една работа не смее да биде поважна од заедницата со Бога. Ништо не е попотребно во Божјето дело од практичните резултати од заедницата со Бога. Во нашиот секојдневен живот треба да се открива мирот и почивката што ги имаме во Бога. Божјиот мир во срцето ќе се одрази и на лицето. Тоа на гласот ќе му дава сила на убедување. Заедницата со Бога го облагородува карактерот и сите наши постапки. Луѓето тогаш ќе препознаат, како и кај првите ученици, дека сме биле со Христа. Тоа ќе им даде на напорите на проповедникот многу поголема сила од онаа која произлегува од влијанието на неговата проповед. Тој не смее да дозволи да се лиши од таа сила, ниту да го запостави општењето со Бога преку молитва и проучување на Неговата Реч, зашто во тоа е изворот на неговата сила. Ниту една друга работа во црквата не смее да му биде поважна од оваа“ (Сведоштва за црквата, кн. 6).

Верникот кој се моли, својот пат не го наоѓа врз основа на она што го слушнал на последниот семинар, туку преку молитвата. Молитвата нѐ одржува како верници. Службата почива на духовната состојба на нејзините водачи. Нивната верност кон Христа, и она што потекнува од таа верност, ја одредува ефикасноста на нивната служба. За да биде службата благословена и ефективна, ние мораме да одржуваме здрава заедница со Господа. Не можеме да одиме независно од Него на работа; мораме да се потпреме на нашиот Господ Исус Христос. Христијанството не е соло спорт, ниту, пак, значи дека треба само да се биде набљудувач; тоа е тимска работа при што ние образуваме едно тело, една сила за едно Царство.

*Сабота, 25 мај 2024*

## Молитвата и ефикасната служба

Ефикасната служба е невозможна без молитва. Ние не можеме да го добиеме печатот на Божјото одобрување ако не се молиме. Како можеме да го примиме Неговиот благослов ако го оставаме надвор од нашиот живот? Ако не го вклучиме Бога во нашиот живот, како можеме да Му служиме?

Нашиот однос кон другите е одраз на нашата заедница со Бога. Ова може да се примени на сѐ, без оглед на тоа дали сме водачи, нови христијани или обични членови. Ако нашата врска со Бог е лоша, тогаш и нашите односи со луѓето ќе бидат загрозени. Кога нашето заедништво со Господа е втемелено на молитвата, тогаш и нашите односи со луѓето ќе напредуваат. Ова важи за сите христијани, тоа е од суштинска важност за сите водачи, а претставува императив за пасторите.

Како да се преобразиме од личност која само се моли, во личност која живее и копнее за молитва? Еве неколку предлози: Побарај од Бога да го преиспита твоето срце и да ти ја открие вистинската состојба на твојот молитвен живот. Замоли го Бога да те доведе до позначаен молитвен живот. Биди искрен кон самиот себе. Дали молитвата ја сведе само на една од многуте алатки во својот живот? Или таа е водечка сила во твоите одлуки? Продлабочи ја врската со Него.

Развиј ја способноста за да го распознаеш и слушнеш Господовиот глас. Со векови Бог му зборувал на својот народ. Слушај Го преку Речта и преку Духот кој живее во тебе. Научи да го препознаеш Неговиот глас. Пронајди ги луѓето во својата црква кои ја негуваат посредничката молитва и замоли ги да се молат за тебе. Ќе се изненадиш кога ќе видиш колку тие ќе се воодушеват од она што ти сакаш да станеш личност која се моли. Бог го повикува својот народ да ја искуси моќта и предноста на молитвата.

*Сабота, 1 јуни 2024*

**Важноста на молитвениот живот**

Молитвата е основа на целокупниот религиозен живот. Таа мора да биде очигледна во нашиот секојдневен живот и служба. Ако ја занемариме важноста на молитвата, на крај ќе го ослабиме своето влијание на доброто и ќе се сопнеме на патот.

Молитвата, во својот основен облик, е комуникација со Бога. Молитвата нè наведува да се потпреме на Бога. Личноста која потполно е верна на Бога, вели *Јас сум ниш*

*то, а Бог е највозвишениот*. Молитвата раѓа вера. Ако тврдите дека имате вера без молитва, тоа е исто како да имате ручек без храна, венчавка без невеста, бура без дожд. Вистинскиот живот на молитвата нè води до признавање, убедување и правилни одлуки. Молитвата ни помага да бидеме втемелени на Исуса, а тоа нè води кон победоносен живот. Кога одиме по сопствените желби, тоа само нè води до живот полн со незадоволство. Ние мораме да се стремиме кон победоносен живот. Дозволи Божјата присутност да те води и да ти помогне да ја исполниш Неговата намера.

Без молитва, Божјиот слуга е како брод без едра, тој не ја познава Божјата насока. Фрустрациите и разочарувањата го заменуваат местото на победата и довербата. Моќниот слуга кој се моли, ја знае насоката кон која го води Бог и така е покорисен.

Најголемиот непријател на молитвениот живот е сопствениот недостаток на дисциплина. Лесно е да се најдеш во состојба на презафатеност која влијае заразно на сите. Секој ден се одигрува битка за правилно користење на времето. Без молитва, сите стануваме духовно немоќни и слаби. Мораме да бидеме дисциплинирани и да ги одбиеме сите или сè што би се нашло на патот меѓу нас и сесрдната молитва.

Кога ќе направиме молитвата да ни стане приоритет, нашата служба кон Бога и блиските ќе напредува. Ако ја заборавиме молитвата или ја потиснеме на некое неважно место, ние сме под стрес и неефикасни. Молитвата е извор на сила. Таа ја ослободува Божјата сила во нас, а преку нас таа се прелева на другите.

*Сабота, 8 јуни 2024*

## Примери на молитвениот план

***1. Негувајте богат молитвен живот.***

Направете молитвата да ви стане приоритет. Реорганизирајте го својот распоред; најдете време, бидете одговорни кон другите. Направете сè за да се молите, и тоа правете го со радост, благодарност и искреност. Имајте време и за другите христијански дисциплини – за пост и размислување за Бога. Иако ќе има и „сушни“ периоди, напорот и силната љубов мораат да бидат присутни. Нашата комуникација со Господа Исуса Христа треба да биде заснована на целосна преданост кон Бога, целосно да му се предадеме Нему бидејќи Тој најпрво се даде себеси за нас. Затоа и ние Му служиме. Велиме дека Тој е наш Господ; затоа мораме да живееме, да работиме и да постапуваме онака како што ни доликува како христијани.

2. ***Најди партнер за молитва***. Личноста со која верникот се моли мора да биде личност во која тој има доверба. Бог повикал некои членови на црквата да станат партнери во молитва. Тие би требало да се среќаваат редовно како група. Ако им е тешко да се договорат околу времето на средбите, тие можат да се молат заедно преку телефон.

Ефикасниот личен молитвен живот би требало да вклучува:

- Редовно место и време.
- Кратко, но постојано време за молитва (5-15 минути). Ќе видите дека вашето време за молитва ќе се зголемува доколку бидете верни во остварувањето на секојдневната молитва.
- Библија, тетратка и молив. Библијата ви помага своите молитви да ги засновате на Божјата реч. Тетратката ќе ви помогне да водите евиденција за тоа што сте барале во молитвата и впечатоците кои доаѓаат од Бога.
- Време за да го обожавате Бога пред вашето време за молитва.
- Време да го слушате Бога пред да ја изнесете вашата молба.
- Организирајте ги барањата во молитва. Почнете од вашите

лични потреби, а потоа молете се за потребите на другите, за членовите на семејството, за молитвениот партнер, за членовите на црквата, за мисионерите, за црковните водачи и за потребите на луѓето во вашата околина.

Сега, откако го слушнавте овој краток молитвен водач, зошто не го спроведете и практично. Не можете да имате пауза во молитвата. Библијата ни вели: „Благодарете за сè, зашто тоа е Божја волја за вас во Христа Исуса“ (1. Солуњаните 5,18). Немате пауза за кислород, храна или вода. Преку молитвата растеме и цветаме. Ако станеме невнимателни и несовесни во нашиот молитвен живот, ќе бидеме и невнимателни и несовесни и кон луѓето што се наоѓаат околу нас. Нашите духовни приоритети се и наши животни приоритети. Немојте да ја запоставувате молитвата како што ни нашиот Господ не нè запоставува. Ајде со доверба да доаѓаме во Неговото присуство, со слободата што Тој ни ја дал. Тогаш ќе бидеме луѓе според Неговата волја, луѓе кои ја вршат Неговата служба.

*Сабота, 15 јуни 2024*

## Бездомник како мене

По Втората светска војна, италијанскиот град Наполи бил разрушен поради бомбардирањата. На сите страни имало урнатини. На аглите од секоја улица можеле да се видат групи сирачиња и отфрлени кои ги нарекувале „скугнизи“, „улични неранимајковци“ - кои проселе, краделе од продавниците, а понекогаш им помагале на старите криминалци. Биле груби, жилави, и очигледно недостапни за проповедање на евангелието. Но дваесет и пет годишниот свештеник Марио Борели сакал да се обиде да допре до нив. Тој секоја вечер, по своите редовни должности станувал еден од нив. Облечен во вообичаената, искината и нечиста облека „скугнизија“, почнал да проси на железничката станица во Наполи. Другите млади просјаци биле воодушевени од неговиот стил: имал вистинска мешавина на хумор и понизност. Кога му пристапил водачот на една банда и побарал да му даде половина од испросените пари, Марио го истепал.

Свештеник, престорувајќи се бездомник, и спиел во подруми на стари послани весници, како што спиеле и сите останати. Набргу почнал подобро да ги запознава своите нови пријатели додека разговарале седнати околу огнот и додека во лимени конзерви ја грееле храната што ја проселе. Марио открил дека секој од нив – па дури и оние најогорчените и најтврдокорните - копнеат за дом, приврзаност и безбедност.

Една зимска вечер Марио ја известил групата дека пронашол место на кое може да престојуваат – тоа била малата бомбардирана црква Сент Ценаро, која била напуштена. Полека ја променил структурата во дом и на децата почнал да им обезбедува хранливи оброци.

Една вечер Марио се појавил пред децата во свештеничката облека. Откако неговите пријатели престанале да се смејат, им објаснил дека тој навистина е свештеник. До тогаш врските што ги воспоставил биле доволно јаки да ги поттикнат да останат; Марио ја освоил нивната почит. Така формираната Куќа на неранимајковците станала место каде отфрлени млади можеле да најдат дом, надеж и мудро духовно водство од Марио Борели.

*Сабота, 22 јуни 2024*

## Важноста на меѓусебните односи

За да можеме да им служиме на луѓето, мораме да ги познаваме. Добрите меѓусебни односи ги мотивираат луѓето, ги отвораат срцата и ги зближуваат. Еве неколку начини за градење на добри односи со членовите на црквата:

***Биди достапен***. Членовите на црквата нека се поздравуваат во ходникот на црквата и нека бидат срдечни. Организирајте служба на пречекување пред вратата на почетокот и на крајот од богослуженијата. Нема ништо поубаво од весел поздрав! Насмевнете се. Поздравувајте ги луѓето со искрена љубезност. Бидете пријателски расположени. Покажете вистинска заинтересираност и почит кон секој поединец.

Честопати кога сакаме да бидеме достапни за луѓето, за пријателите, за членовите на црквата, влегуваме во проблеми. Што ако некој ни одземе повеќе време од планираното. Можеби често се бориме со овој проблем. Од една страна сакам да бидам достапен, но во исто време, понекогаш морам да се запрашам: Каде сум најпотребен во црквата? За жал, не можеме да бидеме достапни онолку колку што некои членови би сакале да бидеме.

***Градете ги меѓучовечките односи***. Потребно ни е многу енергија за да изградиме добри меѓучовечки односи. Ние имаме и други одговорности кои бараат многу енергија. Но, кога оствaруваме меѓучовечки односи со луѓето, тогаш всушност градиме мрежа која ќе дава охрабрување, надеж и поддршка и во добри и во лоши моменти. Тие врски се реципрочни. Негувај го позитивниот став кон другите, и тие ќе постапуваат исто.

***Биди полн со љубов***. Иако, можеби никогаш нема да те сакаат сите членови на црквата, ти сепак имаш христијанска одговорност да ги сакаш. Исус рекол: „Ви давам нова заповед: да се љубите еден со друг; како што Јас ве љубев вас, така и вие да се љубите еден со друг. По тоа сите ќе познаат дека сте Мои ученици - ако имате љубов помеѓу себе!" (Јован 13,34-35). Некои верници ги опишуваат членовите на црквата и својот проповедник на многу нељубезен начин. Исто така, некои членови на црквата тврдат дека нивните пастори се многу нељубезни кон нив. Ова е нешто што не смее да се замаскира. Можеш да лажеш и да зборуваш дека ги сакаш другите луѓе. Но, порано или подоцна, тие ќе ја дознаат вистината. Зборовите се важни. Но, тие имаат вредност само кога ги следат дела.

**Биди полн со почит.** Почитувањето треба да се заработи. Овој атрибут никогаш не се доделува поради името или поради положбата. Тоа е заслужено право. Некој го заработил почитувањето затоа што ги сакал луѓето и им служел. Луѓето ќе бидат отворени доброволно да ќе го следат водачот кој ги сака и кој им служи. Најголемата и најкатастрофална мана во секоја служба е недостатокот на почит и љубов кон луѓето. Луѓето во црквата полесно ќе му ги простат малите грешки на некој кога тој искрено ги сака. И обратно, има луѓе кои ја преувеличуваат малата грешка поради не-

достаток на љубов. Нивниот список на мани и слабости не е многу важен сè додека не почувствувале дека некој не ги сака.

Лошиот и непријатен дух на критицизмот преовладува во нашата култура. Тој ист дух понекогаш може да се вовлече и во нашата црква. Ние тоа не смееме да го дозволиме. Запомнете: „Тие ќе знаат дека сме христијани според нашата љубов“.

*Сабо̄та, 29 јуни 2024*

**Создавање и одржување на пријателството**

Сите имаат природна потреба за пријателство, и тоа со добра причина. Пријателите го прават животот поубав. Тие нè ослободуваат од чувството на осаменост. Тие дури можат и да го спречат стресот и да ни го подобрат здравјето. Добрите пријатели се од најголема помош во моментите кога доживуваме тешки моменти. Поддршката на добриот пријател може да помогне и да биде од големо влијание.

На сите нам ни е потребно да бидеме окружени со топлина и љубов од пријателите и сака_ните. Меѓутоа, многу верници и нивните семејства тешко воспоставуваат вакви блиски односи. Негувањето на пријателство бара долги временски вложувања. А, ние за тоа и немаме многу време.

Христијаните, особено оние кои се на раководна положба, можат да бидат најосамените луѓе. Може да се најдат во многу нездрава ситуација, кога брачните другари ќе им станат единствени пријатели и советници. Брачниот партнер треба да им биде најдобар пријател, но не и единствен. Во Мудри изреки 27,6 пишува: „Ударите од пријателот се искрени, а бакнежите на непријателот, изобилни“. Некои пријатели ни се блиску до срцето, а некои пријателства се површни. Но, сите тие пријателства се корисни. Ако си без блиски пријатели, потруди се што побрзо да ги најдеш. Тие можат да те поддржат во твојот христијански живот на подолги патеки. А твојот брачен другар ќе ти биде благодарен.

Градиво за саботна школа

За подобра саботна школа
2/2024

Излегува тримесечно:

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Подготвил: Мелита Томовска

Одговара: Томе Трајков

За интерна употреба